



За битолчани и натаму останува енигма колку пари ќе потроши Општината за градбата на споменикот

# Коњаникот Филип Втори сè уште одмора под општинските сенки

## Споменикот, излеан во бронза, од минатата есен е сместен во општинскиот двор и чека подобри времиња

**БИТОЛА** - Коњаникот Филип Втори со месеци чека да се дигне рампата од дворот на битолската општина за да „дојава“ на малиот плоштад „Магнолија“. Поминуваат месеци и месеци, постаментот одамна е готов, скелето е подготвено, но локалната самоуправа на градот не одлучила кога ќе го постави споменикот на македонскиот крал среде Битола, најавуван како атракција. Филип Втори, прикажан како коњаник излеан во бронза, уште од минатата есен е сместен во општинскиот двор и чека подобри времиња. Градоначалникот на Битола, Владимир Талески, на прашањата од медиумите зошто споменикот не се поставува долго време, тврди дека се чека дел за фонтаната што е во состав на спомeничниот комплекс заедно со штитовите и копјата. Прашањата, пак, од типот дали одлагањето е последица на политички рефлексии - Талески не ги ни дослушува. Единствено потврдува дека споменикот нема да биде поставен ниту овој месец.

„Спомeничниот комплекс е исклучително важен за нас. На местото каде што треба да биде поставен споменикот речиси сè е завршено, и постаментот и сите придружни делови. Едноставно, во делот на фонтаната има некои нови моменти што треба да се изведат како фигури. Значи, со хидрауликата има технички работи што треба да се дозавршат. Сè уште не е избалансиран односот на водата со светлосниот и аудиоделот. Практично, треба да се изготви нов софтвер. Кога фонтаната синхронизирано ќе работи, како круна на сето тоа ќе го поставиме споменикот“, повторува Талески.

Меѓутоа, јавноста сè повеќе се сомнева дека причините за одложувањето се политички. Сега фонтаната има изглед на стилизиран штит со сонце со осум краци. Но, битолчани се сведоци дека првичното решение на штитот од фонтаната беше со шеснаесеткрако сонце. Изведувачите преку ноќ ги извадија „вишокот краци“. Градоначалникот Талески тврдеше дека не знае за измените. Првичниот проект на фонтаната, случајно или не, беше публикуван и во општинскиот информатор издаден пред локалните избори. Чаршијата зборува дека измените се извршени по сугестија на меѓународниот фактор, а во контекст на проблемот што го имаме со Грција.

И министерот за одбрана, Зоран Коњановски, неодамна изјави дека него лично во Брисел во седиштето на НАТО го прашувале дали вистина среде Битола се гради споменик на Филип Втори. Тој им појаснил дека е во чест на владетелот кој ја основал Хераклеја и дека нема друга заднина.

За јавноста во Битола, особено политичката, и натаму останува енигма колку пари ќе потроши Општината за градбата на споменикот. Градоначалникот повторува дека за финансиската конструкција ќе зборува откако споменикот ќе биде изграден во целост. Едно е јасно - дека Општината нема да го стопира проектот и покрај светската економска криза.

„Локалната власт предвидува само од буџетот на Општина Битола да потроши околу 250 илјади евра за Филип Втори. Ако на оваа сума се додадат и средствата кои градоначалникот ги најавува од разни донатори и спонзори, се доаѓа до сума пари за која сметаме дека е преголема и дека во оваа време можеше многу подобро да се искористи. Но, за Талески, како што самиот нè убедува како советници, ова не се многу пари“, вели Валентин Груевски, советник на либералдемократите во Битола.

Последните недели општината почесто го испробува механизмот на фонтаната, па доколку минувате низ Широк сокак, може да се случи да бидете восхитени од водоскоците што извираат во разни форми. Или, пак, воопшто да ги нема. Сепак, од Општината велат дека, и покрај незавршените работи, фонтаната ја ставиле во функција на задоволство на битолчани. Но, задоволството преку ден да уживате во кралскиот штит на фонтаната и водоскоците на оваа жешко сонце брзо ќе ви биде поматено. Општината ги откорна дрвјата за изградбата на споменикот, а и покрај ветувањата, не ги врати на плоштадот.

Спомeничниот комплекс сосе целото партерно уредување зафаќа повеќе од 100 квадратни метри во строгиот центар на Битола. Филип Втори е прикажан како коњаник со прстот вперен во народот и ќе се гледа преку целата должина на Широк сокак. На постаментот на едната страна е мечот на владетелот, на другата штитот и заштитниот шлем, односно на една од страните венецот. Само споменикот се издига над 8 метри во височина. Штитот од фонтаната се подига, се спушта, се навалува на страните, а низ краците избиваат водотеци. Сè е поддржано од светлосни и аудиоефекти.

Кога Филип Втори ќе биде изваден од дворот на Општината и однесен на плоштадот во Битола, не може со сигурност да прецизира ниту градоначалникот Талески. Едно е сигурно, дека коњаникот и овој месец ќе остане под сенките во општинскиот двор.

**(А.Б.)**